ОКТА РАФИНЕРИЈА НА НАФТА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО - СКОПЈЕ

ОКТА Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Бр.0202-3057/23-12
28.12.2023 год.
Скопје 1

# ДЕЛОВНА ПРОЦЕДУРА

## За утврдување на начинот и постапката на гласање со коресподенција, прелагање на нови точки и одлуки и поставување на прашања на седница на собрание на ОКТА АД-Скопје

Врз основа на Член 369 од Законот за трговските друштва и член 46 став 1 точка 16 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, Одборот на директори на ОКТА АД-Скопје на својот 208 состанок одржан на ден 28.12.2023 година ја донесе следното:

## ДЕЛОВНА ПРОЦЕДУРА

**За утврдување на начинот и постапката на гласање со коресподенција, прелагање на нови точки и одлуки и поставување на прашања на седница на собрание на ОКТА АД -Скопје**

## 1 ПРЕДМЕТ

1.1 Со оваа Деловна Процедура на ОКТА АД (во понатамошниот текст "Друштвото") се уредува начинот и постапката поврзани со правата на акционерите на Друштвото да 1) гласаат со коресподенција, 2) предлагаат нови точки на дневниот ред и предлагаат одлуки поврзани со точките кои се веќе вклучени или кои ќе бидат вклучени во дневниот ред за седницата на Собранието на Акционери на Друштвото (во понатамошниот текст: Собранието) и 3) да поставуваат прашања поврзани со точките кои се веќе вклучени или кои ќе бидат вклучени во дневниот ред за седницата на Собранието.

## 2 ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА И ОДГОВОРНОСТИ

2.1 Оваа Деловна процедура се применува на сите акционери во врска со остварувањето на правата поврзани со собранието, наведени во член 1.1 погоре.

2.2 Одборот на директори е одговорен за конзистентна примена на оваа Деловна процедура.

## 3 НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

3.1 Начинот и постапката за остварување на правата на акционерите, предмет на оваа Деловна процедура, се наведени во одделните поглавја подолу.

### 3.2 Поглавје 1

***Гласање со коресподенција***

3.2.1 Акционерите може да гласаат со кореспонденција, без да имаат обврска да присуствуваат на седницата на собранието физички (лично, односно преку застапник по закон, преку овластен полномошник) или на друг соодветен начин. Акционерот е во секој случај должен соодветно да го пријави своето учество на седницата на собранието. Бројот на акции со право на глас на акционерот кој гласал со кореспонденција го сочинува, односно се засметува во кворумот за работа и за одлучување на собранието.

3.2.2 Акционерот може да гласа со кореспонденција на начин што на јасен и недвосмислен начин, во соодветниот Образец за гласање со кореспонденција, ќе гласа ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАНО за предлог-одлуките по секоја или по дел од точките на дневниот ред, на местото определено за давање на гласот за соодветната предлог одлука. Доколку акционерот не го пополнил соодветното место за давање на гласот за одредена предлог одлука, ќе се смета дека за истата гласал ВОЗДРЖАНО.

3.2.3 Образецот за гласање со кореспонденција, подготвен за преземање електронски, е достапен на официјалната интернет страна на друштвото наведена во јавниот повик. Доколку од било кои причини акционерот не е во можност да го преземе или испечати Образецот, истиот може да се подигне во испечатена форма во Кабинетот на Главниот извршен директор на друштвото, на трошок на друштвото.

3.2.4 Акционерот е должен уредно пополнетиот Образец да го достави на адресата на седиштето на друштвото (ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје, ул. 1 бр. 25, н.м. Миладиновци, Илинден, со назнака „за Собрание-Образец за гласање со кореспонденција") во затворен коверт на кој ќе бидат содржани податоци за идентификација на акционерот. Образецот мора да биде испратен со препорачана пратка или на друг начин кој овозможува следење на пратката и потврда на денот на прием во друштвото, или да биде доставен лично во архивата на друштвото. Како валидни ќе бидат земени во предвид единствено Обрасците кои ќе бидат примени во друштвото најдоцна до времето наведено во Јавниот повик.

3.2.5 Образецот, со читливи и целосно пополнети податоци за акционерот, мора да биде доставен во оригинал, во минимум еден примерок, потпишан лично од акционерот-физичко лице, односно од застапникот по закон и да содржи печат на акционерот-правно лице. Потписот ставен на Образецот за гласање со коресподенција ќе се смета за еквивалент на потпис ставен на списокот за присуство на собранието.

3.2.6 Кон пополнетиот Образец за гласање со кореспонденција, акционерот е должен да достави соодветна документација од која ќе може да се утврди идентитетот на акционерот, и тоа:

- Копија од валиден документ за лична идентификација (лична карта или пасош)[1] за секој од акционерите-физички лица, односно за овластеното лице-потписник, за акционер-правно лице
- За акционер-правно лице, Тековна состојба издадена од Централниот регистар, во оригинал или препис заверен кај нотар или друг соодветен документ издаден од овластен орган во странската држава каде што се наоѓа седиштето на акционерот, во фотокопија и превод од овластен судски преведувач, заверен кај нотар, во оригинал. Доколку Тековната состојба, односно соодветниот документ од странска држава се постари од 30 (триесет) дена, акционерот е должен да достави писмена изјава, на македонски или на англиски јазик, со печат на друштвото и потпис на застапникот по закон, дадена под полна кривична, материјална и морална одговорност, дека податоците наведени во Тековната состојба, односно соодветниот документ од странската држава се актуелни и непроменети.

**3.3 Поглавје 2**

***Информација во врска предлагање на нови точки на дневен ред и предлагање одлуки***

3.3.1 Акционери кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

3.3.2 Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на друштвото.

3.3.3 Барањето за вклучување на нови точки во дневниот ред на собранието, односно барањето предлагањето на одлуки за усвојување, се испраќаат во писмена форма до Одборот на директори на друштвото, на адресата на седиштето на друштвото (ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје, ул. 1 бр. 25, н.м. Миладиновци, Илинден, со назнака „за Собрание-Барање за вклучување на нови точки во дневниот ред/предлагање одлуки), најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на јавниот повик за одржување на седница на собранието. Барањето мора да биде доставено со препорачана пратка или на друг начин кој овозможува следење на пратката и потврда на денот на прием во друштвото (во затворен коверт), или да биде доставено лично во архивата на друштвото.

3.3.4 Барањето поднесено од акционерот-физичко лице, мора да биде потпишано лично од акционерот и да ги содржи најмалку следните податоци: полно име и презиме, адреса на живеење и бројот на акции со право на глас кои ги поседува.

3.3.5 Барањето поднесено од акционерот-правно лице, мора да биде потпишано лично од застапникот по закон и да содржи печат на друштвото и најмалку следните податоци: полн назив на акционерот, седиште, ЕМБС и бројот на акции со право на глас кои ги поседува, како и полно име и презиме на застапникот по закон.

3.3.6 Барањето поднесено од група на акционери, мора да ги содржи соодветните елементи наведени погоре за секој од акционерите-подносители на барањето.4.4.7 Кон барањето акционерот, односно акционерите се должни да достават соодветна документација од која ќе може да се утврди идентитетот на акционерот, односно акционерите и исполнетоста на условот за поседување најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, и тоа:

- Извод од сметката издаден од Централниот депозитар за хартии од вредност, со информација за бројот на акции кои ги поседува секој од акционерите-баратели, во оригинал, не постар од 3 (три) дена
- Копија од валиден документ за лична идентификација (лична карта или пасош)[2] за секој од акционерите-физички лица, односно за овластеното лице-законски застапник, за акционер-правно лице
- За акционер-правно лице, Тековна состојба издадена од Централниот регистар, во оригинал или препис заверен кај нотар (или обична фотокопија, доколку е веќе доставена во оригинал) или друг соодветен документ издаден од овластен орган во странската држава каде што се наоѓа седиштето на акционерот, во фотокопија и превод од овластен судски преведувач, заверен кај нотар, во оригинал (или обична фотокопија, доколку е веќе доставена во оригинал). Доколку Тековната состојба, односно соодветниот документ од странска држава се постари од 30 (триесет) дена, акционерот е должен да достави писмена изјава, на македонски или на англиски јазик, со печат на друштвото и потпис на застапникот по закон, дадена под полна кривична, материјална и морална одговорност, дека податоците наведени во документот се актуелни и непроменети

**3.4 Поглавје 3**

***Информација во врска поставување прашања***

3.4.1 Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собранието на друштвото.

3.4.2 Прашањата акционерот може да ги постави во писмена форма, со испраќање писмо на адреса на седиштето на друштвото (ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје, ул. 1 бр. 25, н.м. Миладиновци, Илинден, со назнака „за Собрание-Писмо за поставување прашања"), најдоцна 5 (пет) дена пред денот на одржување на седницата на собранието. Писмото мора да биде доставено со препорачана пратка или на друг начин кој овозможува следење на пратката и потврда на денот на прием во друштвото (во затворен коверт), или да биде доставено лично во архивата на друштвото. Писмото во кое се содржани прашањата мора да содржи податоци за идентификација на акционерот (име и презиме на акционер-физичко лице, односно полн назив на друштвото, ЕМБС и име и презиме на застапникот по закон на акционер-правно лице), како и во прилог на истото да бидат доставени документите наведени подолу. Доколку прашањата се поставуваат преку полномошник, покрај горенаведените податоци за акционерот, писмото мора да ги содржи соодветните податоци за идентификација на полномошникот и да биде придружено со копија од издаденото полномошно. Писмото мора да биде потпишано од акционерот-физичко лице, застапникот по закон на акционерот-правно лице или полномошникот.

3.4.3 Кон писмото, акционерот е должен да достави соодветна документација од која ќе може да се утврди идентитетот на акционерот, и тоа:

- Копија од валиден документ за лична идентификација (лична карта или пасош)[3] за секој од акционерите-физички лица, односно за овластеното лице-потписник, за акционер-правно лице

- За акционер-правно лице, Тековна состојба издадена од Централниот регистар, во оригинал или препис заверен кај нотар (или обична фотокопија, доколку е веќе доставена во оригинал) или друг соодветен документ издаден од овластен орган во странската држава каде што се наоѓа седиштето на акционерот, во фотокопија и превод од овластен судски преведувач, заверен кај нотар, во оригинал (или обична фотокопија, доколку е веќе доставена во оригинал). Доколку Тековната состојба, односно соодветниот документ од странска држава се постари од 30 (триесет) дена, акционерот е должен да достави писмена изјава, на македонски или на англиски јазик, со печат на друштвото и потпис на застапникот по закон, дадена под полна кривична, материјална и морална одговорност, дека податоците наведени во

Тековната состојба, односно соодветниот документ од странската држава се актуелни и непроменети.

3.4.4 На прашањата кои во писмена форма ќе пристигнат по одржување на седницата на собранието или кои нема да бидат придружени со писмо во кое ќе бидат содржани или доставени наведените податоци или документи, друштвото нема да има обврска да даде одговор. Друштвото преку свој овластен орган или застапник е должно да одговори на прашањата што му ги поставуваат акционерите, или да даде збирен одговор на прашањата со иста содржина.

3.4.5 Друштвото ги охрабрува акционерите да ги поставуваат своите прашања навремено, со цел да се избегнат недоразбирања околу нивната содржина, да се овозможи групирање на прашања со иста содржина и да се овозможи прибирање на податоци за добивање навремен и соодветен одговор во согласност со закон и Статутот на Друштвото.

3.4.6 Прашањата поставени од акционерите се сметаат дека се одговорени ако одговорите се достапни на официјалната интернет страницата на друштвото во формат на прашање и одговор. Одговорите на прашањата друштвото е должно во секој случај да ги објави на својата официјална интернет страна во форма на прашање и одговор.

## 4 ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

4.1 Доставениот примерок од документот за лична идентификација ќе биде уништен веднаш по завршување на седницата на собранието, во согласност со Законот за заштита на личните податоци и интерните процедури на друштвото.

## 5 ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

5.1 Оваа Деловна процедура влегува во сила од денот на нејзиното одобрување од страна на Одборот на директори, а ќе започне да се применува од денот на нејзино објавување на официјалната интернет страна на Друштвото.

| | | |
|---|---|---|
| **Изработил:** | **Проверил:** | **Одобрил:** |
| **Офицер за ризик** | **Главен извршен директор** | **Претседател** |
| **Софија Мишева Јанковиќ** | **Димитриос Пасхос** | **Вук Радовиќ** |

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво